# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД


| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА** | **О Х Р И Д**<br>**12.09.2017 год.**<br>**БРОЈ 12 ГОДИНА 52** |


**С О Д Р Ж И Н А**


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| **1.** | Заклучок за прифаќање на Иницијативата за распишување на референдум на локално ниво. | **2** |
| **2.** | Одлука за распишување на референдум на локално ниво. | **3** |
| **3.** | Одлука за потребата од прогласување на стариот чинар (platanus orientalis) на плоштадот „Чинар“ како „споменик на природата“ и усвојување на елаборатот за валоризација, санација и ревитализација на чинарот (platanus orientalis) на плоштад „Чинар“. | **4** |
| **4.** | Одлука за исправка на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во основните училишта во општина Охрид. | **5** |
| **5.** | Одлука за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште. | **6** |
| **6.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2479/1 и Кп.бр.2480 КО Коњско. | **7** |
| **7.** | Одлука за изменување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во основните училишта во општина Охрид. | **8** |
| **8.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2487, 2486/1, 2486/2, 2497/2, 2497/3, 2491 и 2492 КО Коњско. | **9** |
| **9.** | Јавна објава | **10** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ НА ЛОКАЛНО НИВО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за распишување на референдум на локално ниво, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 36 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување („Сл.весник на РМ“ бр.81/05) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), расправајќи по Иницијативата за распишување на референдум на локално ниво поднесена од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата „за заедничка Македонија“, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ НА ЛОКАЛНО НИВО**

1. Советот на општина Охрид ја прифаќа Иницијативата за распишување на референдум на локално ниво, поднесена од советничката група на ВМРО ДПМНЕ и коалицијата „ЗА ПОДОБРА МАКЕДОНИЈА“.
2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ НА ЛОКАЛНО НИВО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 25 став 1, а во врска со член 28 став 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), член 6 став 2 и член 36 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување („Сл.весник на РМ“ бр.81/05) и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл.гласник на Општина Охрид“ бр.8/07), Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАСПИШУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМ НА ЛОКАЛНО НИВО**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Охрид по сопствена иницијатива распишува референдум на локално ниво на територијата на Општина Охрид, заради изјаснување на граѓаните околу овозможување на услови за населување и интеграција на мигранти на територијата на Општина Охрид.

**Член 2**

На референдумот на локално ниво, граѓаните на Општина Охрид ќе се произнесат по однос на следното утврдено референдумско прашање:

**Дали сте за населување и интеграција на мигранти,**
**на територија на Општина Охрид ?**

**„ЗА“ „ПРОТИВ“**

На референдумот на локално ниво, граѓаните на Општина Охрид по однос на утврденото референдумско прашање можат да се изјаснат со „ЗА“ или „ПРОТИВ“.

**Член 3**

Изјаснувањето по однос на утврденото референдумско прашање од членот 2 на оваа Одлука, се спроведува со цел граѓаните на територијата на Општина Охрид да одлучат дали Општина Охрид треба или не треба да овозможи неопходни услови за населување, домување и локална интеграција на мигранти кои би се затекнале на територијата на општината по најразлични законски основи.

**Член 4**

Референдумот се смета за успешен доколку по однос на референдумското прашање гласале и се изјасниле повеќе од половината од вкупниот број на граѓани запишани во избирачкиот список за Општина Охрид.

**Член 5**

Доколку референдумот е успешен а по однос на референдумското прашање мнозинството на граѓани со право на глас кои гласале се изјасниле со **„ЗА“**, одлуката на референдумот ќе се смета за донесена и општината е должна да овозможи услови за населување, домување и локална интеграција на мигранти на територијата на Општина Охрид.

**Член 6**

Доколку референдумот е успешен а по однос на референдумското прашање мнозинството на граѓани со право на глас кои гласале се изјаснат со **„ПРОТИВ“**, одлуката на референдумот ќе се смета за донесена и општината е должна да го почитува реферeдумското изјаснување на граѓаните и да ги извести надлежните државни органи.

**Член 7**

Одлуката донесена на референдум е задолжителна и Советот на општина Охрид е должен да постапи по истата.

**Член 8**

Референдумот на локално ниво ќе се одржи на **15 октомври 2017 година,** а гласањето ќе се спроведе во периодот од **07 - 19 часот.**

**Член 9**

Референдумот на локално ниво ќе го спроведат општинската изборна комисија Охрид и избирачките одбори во надлежност на општинската изборна комисија Охрид.

**Член 10**

Од денот на објавувањето на одлуката за распишување на референдум на локално ниво во „Службен гласник на Општина Охрид“ до денот на одржувањето на референдумот, не може да поминат помалку од 25 ниту повеќе од 40 дена.

**Член 11**

Примерок од Одлуката да се достави до Државната изборна комисија за навремено донесување на Упатство за подготовка, организирање и спроведување на референдум на локално ниво во Општина Охрид.

**Член 12**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“, а ќе се објави во средствата за јавно информирање, на огласна табла и на веб страната на општината.

**Број 08-11800/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Претседател**
**Охрид** **Гордана Коњаноска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАРИОТ ЧИНАР (PLATANUS ORIENTALIS) НА ПЛОШТАДОТ „ЧИНАР“ КАКО „СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА“ И УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЧИНАРОТ (PLATANUS ORIENTALIS) НА ПЛОШТАД „ЧИНАР“**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за потребата од прогласување на стариот чинар (platanus orientalis) на плоштадот „Чинар“ како „споменик на природата“ и усвојување на елаборатот за валоризација, санација и ревитализација на чинарот (platanus orientalis) на плоштад „Чинар“, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен Гласник на општина Охрид“ бр.8/07) и член 94 став 1 од Законот за заштита на природата („Службен весник на РМ“ бр.67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/2010, 47/2011, 148/2011, 59/2012, 13/2013, 163/2013, 41/2014, 146/2015, 39/2016 и 63/2016), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОТРЕБАТА ОД ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАРИОТ ЧИНАР (PLATANUS ORIENTALIS) НА ПЛОШТАДОТ „ЧИНАР“ КАКО „СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА“ И УСВОЈУВАЊЕ НА ЕЛАБОРАТОТ ЗА ВАЛОРИЗАЦИЈА, САНАЦИЈА И РЕВИТАЛИЗАЦИЈА НА ЧИНАРОТ (PLATANUS ORIENTALIS) НА ПЛОШТАД „ЧИНАР“**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** потребата од прогласување на Стариот чинар (Platanus orientalis) на плоштадот „Чинар“, во категорија III на заштитени подрачја - „споменик на природата“.

**Член 2**

**СЕ УСВОЈУВА** Елаборатот за валоризација, санација и ревитализација на чинарот (Platanus orientalis) на плоштад „Чинар“, во кој се идентификува чинарот на плоштад „Чинар“ во градот Охрид, како - „споменик на природата“.

**Член 3**

Оваа Одлука, заедно со Елаборатот да се достават до Секторот за природа во Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, заради отпочнување постапка за прогласување на Чинарот во категорија III на заштитени подрачја - „споменик на природата“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/5**
**12.09.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПРАВКА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 24 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за исправка на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во основните училишта во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/6**
**12.09.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА ИСПРАВКА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 24 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши исправка на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во Основните училишта во општина Охрид, донесена од Советот на општина Охрид **бр.08-10968/5 од 18.08.2017 година.**

**Член 2**

Во членот 1 точка 7 алинеја 1 од цитираната Одлука, наместо зборовите **„1 паралелка“** треба да стои **„2 паралелки“**.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 и член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02 ), а во врска со член 26 став 1 точка 6 и член 30 од Законот за експропријација („Сл.Весник на РМ“ бр.95/2012, 131/2012, 24/2013, 27/2014, 104/2015 и 192/2015) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**

**Член 1**

Се прифаќа иницијативата за експропријација на градежно земјиште кое претставува КП.бр.15518/5, со површина од 95м2, запишана во ИЛ бр.67277 за КО Охрид 3.

**Член 2**

Предмет на оваа Одлука е прифаќање на иницијатива за експропријација на градежно земјиште кое претставува КП.бр.15518/5 со површина од 95 м2, запишана во ИЛ бр.67277 за КО Охрид 3.

**Член 3**

Градежното земјиште, опишано во член 2 од оваа Одлука, ќе биде предмет на експропријација согласно Законот за експропријација.

Составен дел на оваа Одлука се :

- Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени за нумерички податоци 08-286/5 од 19.08.2015 година, изработен од страна на „Гео Нова 2014“ ДОО Охрид,

- извод на ДУП измени и дополнувања за МЗ-10 Центар-дел, МЗ-11, Стар Град-дел и МЗ-6 Кошишта-дел (пошироко централно градско подрачје) БЛОК 2, донесен со Одлука на Советот на општина Охрид бр.07- 635/5 од 21.10.1999 година

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2479/1 И КП.БР.2480 КО КОЊСКО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2479/1 и Кп.бр.2480 КО Коњско, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2479/1 И КП.БР.2480 КО КОЊСКО

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2479/1 и Кп.бр.2480 КО Коњско, кој што објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/8**
**12.09.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 24 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во основните училишта во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/9**
**12.09.2017 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование („Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ПАРАЛЕЛКИ СО ПОМАЛКУ ОД 24 УЧЕНИЦИ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 24 ученици во Основните училишта во општина Охрид, донесена од Советот на општина Охрид **бр.08-10968/5 од 18.08.2017 година.**

**Член 2**

Во членот 1 точка 7 од цитираната Одлука, кај ПУ Куратица се додаваат две алинеи:

„6-то одд. 1 паралелка 3 ученици
7-мо одд. 1 паралелка 2 ученици“.

**Член 3**

Во членот 2 точка 2 од цитираната Одлука, кај ПУ Куратица се брише алинеа 3:

„6-то и 7-мо одд. 1 паралелка 5 ученици “.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2487, 2486/1, 2486/2, 2497/2, 2497/3, 2491 И 2492 КО КОЊСКО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2487, 2486/1, 2486/2, 2497/2, 2497/3, 2491 и 2492 КО Коњско, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година.

**Број 09-11800/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.09.2017 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Д-р Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15 и 31/16), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.09.2017 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.2487, 2486/1, 2486/2, 2497/2, 2497/3, 2491 И 2492 КО КОЊСКО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2487, 2486/1, 2486/2, 2497/2, 2497/3, 2491 и 2492 КО Коњско, кој што објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-11800/10**
**12.09.2017 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

**ЈАВНА ОБЈАВА**

Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште на Општина Охрид, објавува дека по барањето на инвеститорите Грозданоски Димитар ул. Абас Емин бр.13, Охрид, Петкоска Ристана ул. Абас Емин бр.9, Охрид, и Дуковска Митра, ул.8 ми Септември бр.16, Охрид, им се одобрува надградба на градба А2-Домување во станбени згради со катност По+Пр+4ката+Пк на ГП 1.4.8 на Кп.бр.14754/1, Кп.бр.14754/2, и Кп.бр.14754/3, сите во КО Охрид 3, согласно ДУП за УЗ 1 дел од УБ 1.4 опфат 1 Охрид, донесен со Одлука бр.08-6377/4 од 27.04.2016 год,

Се повикуваат лицата Илгар Мукерем од Охрид и Абдулхак Салих од Охрид сопственици на КП бр.14110 во КО Охрид 3, се известуваат за донесеното одобрение за надградба и се задолжуваат во рок од 15 дена од денот на објавата да дојдат во просториите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште да извршат увид во предметот

Доколку не се јавите или не назначите полномошник, ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните последици ќе ги сносите сами.

**Сектор за урбанизам и управување со градежно земјиште**
**Помошник-Раководител**
**Бранко Арнаудовски,с.р**